Архивски број: 08-128/ 12

03.04.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-128/1 од 23.01.2026 година поднесена од ----------------- за сторена дискриминација против ----------------- врз основ на припадност на маргинализирана група, образование и попреченост во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА на лицето ----------------- врз основ на припадност на маргинализирана група, образование и попреченост сторена од страна на -----------------, во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 23.01.2026 година е поднесена претставка од страна на -----------------против ----------------- за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, образование и попреченост во областа на работата и работните односи.

Според наводите во претставката, до -----------------се обратиле две млади лица кои имаат завршено средно образование во ----------------- бидејќи од страна на ----------------- не им било дозволено да аплицираат за мерката практикантство. Образложението кое им било дадено е дека тие во системот на ----------------- се заведени со завршено двегодишно средно образование и не им следува ниту практиканство ниту младински додаток. Во претставката се наведува дека на барање на подносителите на претставката од страна на ----------------- добиле одговор дека именуваните имаат завршено средно образование, но дека системот на ----------------- ги води како со незавршено поради што сметаат дека истите се дискриминирани со оглед на тоа што не можат да ги користат активните мерки и субвенции како другите лица кои имаат средно образование. Во прилог на претставката доставено е за лицето

----------------- сведителство за завршена трета година и уверение за работно оспособување издадено од -----------------.

Врз основа на таквата состојба Комисијата со барање бр. 08-128/3 и бр.08-128/4 од 12.02.2026 година се обрати до -----------------и до -----------------, со цел произнесување по наводите на претставката.

-----------------и труд не достави одговор на барањето, а ----------------- одговори дека невработеното лице на кое се однесува претставката ----------------- е воведено во евиденцијата на невработени лица согласно постоечката ISCED класификација ниво 2. Истовремено информираат дека во иднина забелешките од претставката ќе бидат земени во предвид во однос на вклучувањето на невработените лица во активните мерки и услуги за вработување, согласно новиот закон за средно стручно образование и обука.

Со оглед дека доставените информации не беа доволни за утврдување на фактичката состојба, Комисијата достави барања бр. 08-128/8 и 08-128-7 за произнесување по наводите во претставката и до ----------------- и до -----------------. Во одговорот ----------------- информира дека детално е запознаено со случајот на двајцата ученици кои го завршиле средното образование во -----------------, но сепак биле одбиени од страна на -----------------да аплицираат за мерките Практиканство и Младински додаток. ----------------- известува дека согласно Законот за националната рамка на квалификации ( „Службен весник на Република Македонија„ 137/13 и 30/16) : „-нивото II се однесува на стручно оспособување во траење од две години и учесниците добиваат уверение за стручно оспособување. Доказ за стекната квалификација на ниво на образование претставува сведителство, уверение и диплома„. Оттука се наведува дека учениците кои завршиле двегодишно стручно образование во ----------------- и се стекнале со уверение за стручно оспособување, поседуваат доказ за стекната квалификација, односно завршено средно образование. Имајќи во предвид дека во јавните повици за мерките Практиканство и Младински додаток услов за аплицирање е невработените лица да имаат завршено средно образование, при што не е наведено двогодишно, тригодишно или четиригодишно образование наведените ученици ги исполнуваат условите за аплицирање.

Во доставениот одговор од ----------------- се наведува дека ова училиште е средно училиште за ученици со посебни образовни потреби и дека школувањето го спроведуваат по прилагодени програми одобрени од Бирото за образование и Центарот за средно стручно образование на РСМ. За секоја завршена година учениците добиваат сведителство и по завршување на тригодишното образование добиваат Уверение кое го издава и е одобрено од Бирото за образование за завршено средно образование на ниво од II степен стручна подготовка. Потоа се пријавуваат во Агенцијата за вработување во општината од каде потекнуваат.

Имајќи ја во предвид така утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека во конкретниот случај постои противправен и нееднаков третман од страна -----------------во однос на наведените лица. Имено, фактот што е оневозможено лицата кои имаат завршено средно образование во ----------------- да аплицираат за мерката од

практикантство, бидејќи во системот на -----------------се заведени како со незавршено средно образование укажува на постоење на дискриминација врз основ на припадност на маргинализирана група, образование и попреченост сторена од страна на ----------------. Имено, согласно условите дадени во Оперативниот план за вработување каде се наведува дека мерката се однесува „за млади до 29 години и со минимум завршено средно образование укажува на нееднаков третман на наведените лица кои завршиле во -----------------.

Врз основа на член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН лицата со попреченост имаат право на образование без дискриминација. Земјите мора да гарантираат дека лицата со попреченост можат да пристапат до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование, на еднаква основа со другите, во местата каде што живеат.

Член 27 од Конвенција за правата на лицата со попреченост се однесува на работа и вработување. Конвенцијата признава дека лицата со попреченост имаат еднакво право на работа како и сите други, што вклучува:право да заработуваат за живот преку слободно избрана или прифатена работа, работа во отворен, инклузивен и достапен пазар на труд, еднакви можности и еднаков третман при вработување.

Согласно Законот за националната рамка на квалификации ( „Службен весник на Република Македонија„ 137/13 и 30/16) : - Нивото II се однесува на средно стручно образование во траење до две години. Учесниците добиваат диплома за II ниво на квалификација со додаток на диплома за соодветната квалификација. По исклучок, во случаи утврдени со закон, учениците со посебни образовни потреби, за ниво II, може да се образуваат и оспособуваат три години и добиваат диплома со додаток на диплома за соодветната квалификација. Доказ за стекната квалификација на ниво на образование претставува сведителство, уверение и диплома, односно доказ за завршено средно образование.

**Евидентирањето на невработените лица во АВРСМ согласно ISCED класификација ниво 2 (еквивалент на основно образование), иако истите имаат завршено двегодишно стручно образование во -----------------и стекнато уверение за стручно оспособување како доказ за стекната квалификација, односно завршено средно образование, претставува нееднаков третман и нивно ставање во понеповолна положба, бидејќи не се признава нивното реално стекнато ниво на образование и квалификација.**

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Следствено, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА -----------------да ја пријави -----------------како лице со завршено средно образование, а со тоа ќе и овозможи да аплицира на јавните повици за користење на мерките од Оперативниот план за вработување, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА -----------------да ја вооедначи практиката во сите -----------------во однос на пријавувањето на лицата кои завршуваат средно образование во државните средни училишта за лица со попреченост **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата**

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Душан Томшиќ